-ЈАВНА УСТАНОВА МЕЃУОПШТИНСКИ ЦЕНТАР ЗА СОЦИЈАЛНА РАБОТА - ВЕЛЕС

Оддел за административни и помошно-технички работи

Република Северна Македонија
Јавна установа меѓуопштински центар за социјални работи
Бр. 03-9479/1
06.11 2025 год.
ВЕЛЕС 2

Врз основа на член 193 од Закон за социјална заштита (Службен весник на Република Северна Македонија бр.32/24) и член 31, 32, 33, 34 и 35 од Статут на Јавна Установа Меѓуопштински Центар за социјална работа Велес бр.02-847/3 од 28.06.2019 година, В.Д. Директорот објавува:

## ЈАВЕН ПОВИК
## за избор на еден член на Совет на корисници

Јавна Установа Меѓуопштински Центар за социјална работа Велес врз основа на член 33 од Статут на Јавната Установа за социјална работа Велес, објавува Јавен повик за избор на еден член на Совет на корисници.

Кандидатите треба да ги исполнуваат следните општи услови утврдени со член 33 став 2 од Статутот на Јавна Установа Меѓуопштински Центар за социјална работа Велес, според кој за член на Советот на корисници може да биде избирано лице:

- корисник на права или услуги од надлежност на установата
- родител/старател на лице корисник на права или услуги од надлежност на установата
- лице кое не е осудувано со правосилна судска пресуда
- лице кое не му е одземно родителско право
- државјанин на Република Северна Македонија

При поднесување на апликацијата лицето односно кандидатот кој се јавува на јавниот повик треба да ги достави следниве документи:

- потврда дека е корисник на право или услуга или потврда дека е родител или стратал на лице корисник на права или услуга од надлежност на установата
- потврда за неосудуваност
- потврда дека не му е одземено вршењето на родителското право
- кратка биографија
- мотивационо писмо
- државјанство

Советот на корисници е составен од 5 члена .
Мандатот на членовите на Советот на корисници трае 4 години.


Јавна установа меѓуопштински центар за социјална работа - Велес
Ул. „Нада Бутникошарева“ број 3, Велес
Република Северна Македонија
+389 43 231 426
www: jumcsrveles.gov.mk
e-mail: jumcsrveles@mtsp.gov.mk

-ЈАВНА УСТАНОВА МЕЃУОПШТИНСКИ ЦЕНТАР ЗА СОЦИЈАЛНА РАБОТА - ВЕЛЕС

Оддел за административни и помошно-технички работи

На член на Советот на корисници мандатот може да му престане и пред истекот, доколку го изгуби статусот на корисник на право или услуга од надлежност на установата и по барање.

Надлежности на Советот на корисници се:

- предлага програми за подобрување на работата и стандардите на установата
- предлага член на Управниот одбор од редот на своите членови
- дава предлози и мислења до директорот и управниот одбор за други прашање што се од интерес за корисниците и установата.

Работата на Советот на корисници се регулира со Деловник за работа на Советот на корисници.

Рокот за доставување на пријавите со потребните документи **изнесува 5 работни дена** сметано од наредниот ден од денот на објавувањето на јавниот повик не сметајќи го денот на самото објавување.

ЈУ Меѓуопштински центар за
социјална работа – Велес
**ВД Директор**
**Бобан Нецинов**


Јавна установа меѓуопштински центар за социјална работа - Велес
Ул. „Нада Бутникошарева“ број 3, Велес
Република Северна Македонија
+389 43 231 426
www: jumcsrveles.gov.mk
e-mail: jumcsrveles@mtsp.gov.mk